*Обраќање на претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Максуд Али*

Почитувани присутни претставници од медиумите,

Со особена чест и задоволство, Ви ги претставувам резултатите и придобивките од вториот и од третиот столб, во годишниот извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување на Агенцијата за 2018 година. Заокруживме уште една успешна година од работењето на тристолбниот пензиски систем во Република Северна Македонија (РСМ).

Извештајот содржи опис на карактеристиките и податоците за капитално финансираното пензиско осигурување, оценка на извршувањето на прописите во областа на капитално финансирано пензиско осигурување и други податоци од значење за ова осигурување, разработени во седум глави.

Во извештајот, најпрво е вклучен дел, посветен на светските состојби и трендови во пензиската област, со посебен акцент на капитално финансираното пензиско осигурување. Потоа, следува општ опис на карактеристиките на пензискиот систем кој како резултат на реформата има јавна и приватна компонента, односно претставува комбинација од осигурување врз основа на генерациска солидарност и капитално финансирано пензиско осигурување. Потоа е даден краток осврт на најзначајните измени во законите и во подзаконските акти од оваа област во 2018 година.

Еден од настаните кои ја одбележаа 2018 година е првата продажба на акции на пензиско друштво во капитално финансираното пензиско осигурување. Односно, во 2018 година се заврши процесот на продажба на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје со што се изврши пренос на 100% од акциите издадени од НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје на Позаваровалница Сава д.д. од Република Словенија и се изврши промена на називите на друштвото и двата пензиски фонда во Сава пензиско друштво а.д. Скопје, Сава пензиски фонд и Сава пензија плус. Исто така, во 2018 година ја бележиме и првата промена на чувар на имот, односно КБ Прво пензиско друштво АД Скопје склучи договор со Шпаркасе Македонија АД Скопје за чување на имотот на двата пензиски фонда со кои управува.

Понатаму, во извештајот се вклучени податоци и информации за финансиското работење на двете пензиски друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и Сава пензиско друштво а.д. Скопје, при што може да констатираме дека двете пензиски друштва ја завршија 2018 година со позитивен финансиски резултат.

Секако, најголем дел од извештајот опфаќаат петтата и шестата глава, каде што се вклучени обемни информации и анализи на работењето на четирите пензиски фонда (два задолжителни и два доброволни).

Почитувани,

Во 2018 година тековно се одвиваа активности во вториот и во третиот столб. Имено, зачленувањето на членовите во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување продолжи на редовна основа во текот на 2018 година и бројот на членови во вториот столб се зголеми за 7% во однос на 2017 година и изнесува 490.035 членови што претставува 85% од вкупниот број на осигуреници во Фондот на ПИОСМ. Просечната возраст на членовите во вториот столб е 35 години.

Во текот на 2018 година, во вториот столб беа уплатени околу 7, 1 милијарди денари, кои заедно со акумулираните средства беа инвестирани согласно законските прописи. Вредноста на средствата на задолжителните пензиски фондови, на 31.12.2018 година, во однос на 31.12.2017 година, порасна за 13% и достигна 64 милијарди денари или околу 1 милјарда евра што претставува околу 9,75% од БДП на РСМ.

Инвестициското портфолио на задолжителните пензиски фондови се состои од домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност (57%), депозити (11%), акции (3%), и удели во инвестициски фондови (0, 3%), како и инвестиции во странство кои вклучуваат акции (6%) и удели на инвестициски фондови (21%).

Сметководствената единица и на двата задолжителни пензиски фондови бележеше континуиран пораст во текот на 2018 година. Како резултат на работењето на задолжителните пензиски фондови во седумгодишниот период од 2012 до 2018 година, беше остварен просечен годишен принос во номинален износ од 5,97%, односно 4,76% во реален износ.

Во текот на 2018 година беа остварени 314 пензии и исплати за членовите во втор столб. Во најголем број случаи, исплатите се заради остварени семејни пензии од страна на членови на семејство на починат член на вториот столб и заради остварени инвалидски пензии од страна на членови на вториот столб, при што нивните акумулирани средства беа пренесени во Фондот на ПИОСМ, кој ја исплаќа семејната односно инвалидската пензија. Покрај тоа, имаше и исплати на средства како наследство од индивидуалните сметки на починати членови на вториот столб како и еднократни исплати на лица кои не стекнале право на старосна пензија. Во 2018

година, за мал број на членови на вториот столб започна да се исплаќа старосна пензија од втор столб, преку програмирани повлекувања.

Почитувани,

Во текот на 2018 година продолжи и зачленувањето на членови во третиот столб. Во 2018 година бројот на членови во третиот столб се зголеми за 2,5% во однос на 2017 година и изнесува 24.388 членови, од кои 61% се учесници во пензиска шема со професионална сметка. Членовите во третиот столб, во просек се повозрасни во однос на членовите во вториот столб, односно просечната возраст на членовите во третиот столб е 45 години.

Во текот на 2018 година, во третиот столб беа уплатени околу 300 милиони денари, кои заедно со акумулираните средства беа инвестирани согласно законските прописи. Вредноста на средствата на доброволните пензиски фондови, на 31.12.2018 година, достигна 1,6 милјарди денари или околу 25 милиони евра, што претставува околу 0,24% од БДП на РСМ.

Инвестициското портфолио на доброволните пензиски фондови, слично како инвестициското портфолио на задолжителните пензиски фондови, се состои од домашни инвестиции кои вклучуваат државни хартии од вредност (47%), депозити (15%),акции (8%) и удели во инвестициски фондови (0,8%), како и инвестиции во странство кои вклучуваат акции (6%) и удели на инвестициски фондови (21%).

Сметководствената единица и на двата доброволни пензиски фондови бележеше континуиран пораст во текот на 2018 година. Како резултат на работењето на доброволните пензиски фондови во седумгодишниот период од 2012 до 2018 година, беше остварен годишен принос во номинален износ од 5,81%, односно 4,60% во реален износ.

Во 2018 година беа остварени 281 исплати на пензиски надоместок од третиот столб. Најголем дел од остварените пензиските надоместоци беа во случај на старост и тоа најголем дел како еднократни исплати, а исто така, и мал дел како повеќекратни исплати. Мал дел од исплатите во трет столб беа во случај на смрт на член, со исплата на наследство.

Последната глава е посветена на маркетингот и на агентите на пензиските друштва. Заради заштита на интересите на постојните и на идните членови и на пензионираните членови на капитално финансираното пензиско осигурување и заради обезбедување фер и објективно информирање на јавноста, маркетингот се врши во регулирана средина, уредена со закон и со подзаконски акти. Во текот на 2018 година беше организиран и реализиран испит за агенти во две испитни сесии. Во текот на 2018 година, тековно се вршеа регистрација, пререгистрација и годишна обнова на регистрацијата на агентите. На дел од агентите им престана статусот агент.

Почитувани,

Би сакал да нагласам дека штедењето за пензија е штедење на долг рок (ако се има предвид дека едно лице работи 30 до 40 години), па така треба и да се ценат остварените резултати на пензиските фондови. Во секој случај, континуирано мораат да се следат состојбите во пензиската област и да се преземаат мерки за нејзино унапредување, со цел заштита на интересите на членовите и остварување сигурна пензија во текот на староста.

Зад нас се многу активни и успешни години, но предизвикот за раст и унапредување како на МАПАС, така и на системот на капитално финансирано пензиско осигурување и заштита на интересите на членовите ќе не води напред. Исто така, водејќи се од нашата мисија, ќе продолжиме секојдневно да вршиме супервизорски активности врз пензиските друштва, пензиските фондови и врз чуварите на имот, ќе работиме на промовирање и развивање на свеста кај јавноста, ќе соработуваме со институциите вклучени во пензиското осигурување и со релевантни институции од финансиската област и по потреба, ќе даваме иницијативи за измени на законите и на подзаконските акти во насока на остварување на мисијата на МАПАС, да ги заштити интересите на членовите на пензиските фондови и да го поттикне развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

Верувам дека заинтересираните, во овој богат годишен извештај, ќе најдат интересни и корисни информации за да добијат појасна слика за вториот и третиот пензиски столб во РСМ.

Ви благодарам за вниманието.

Скопје, јули 2019 година